20200601059

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 34 став (1) алинеја (6) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер го донесе следното

УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова Упатство поблиску се определува начинот за спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019 година) (во понатамошниот текст: Законот).

Цел на ова Упатство е да согласно Законот, на физичките и правните лица им се овозможи да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите (во понатамошниот текст: Имателите на информации), кои се должни да овозможат информираност на јавноста.

Ова Упатство се спроведува согласно основните начела од Законот за општата управна постапка (во понатамошниот текст: ЗОУП)

Член 2

Со ова Упатство се обезбедува поедноставена примена на одредбите од Законот од страна на:

- Имателите на информации од јавен карактер
- Барателите на информации од јавен карактер
- Директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Административните службеници вработени во Агенцијата.

II. БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 3

Постапката за пристап до информации од јавен карактер се смета дека е поведена со поднесување на барање од страна на барателот до имателот на информации. Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис, при што барањето поднесено во електронска форма се смета за писмено поднесено

барање. Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма.

Кога барателот писменото барање го доставува непосредно до имателот на информации (во архивата на имателот) тогаш тој треба да има примерок од барањето на кој имателот ќе стави приемен печат со датум на приемот и архивски број, кој примерок од барањето му се враќа на барателот, а доколку нема примерок, му се дава потврда за заверен прием на барањето, како доказ за приемот. Доставувањето на барањето може да се потврди и со потпис во доставна книга.

Кога Барањето се поднесува во писмена форма и неговото доставување се врши преку пошта, потребно е тоа да биде со препорачана писмо, со повратница. Доставата се смета за уредна доколку имателот со свој потпис го потврди приемот и датумот на приемот на барањето, а повратницата поштата ќе ја врати до барателот.

Наведениот начин на доставување е важен и за барателот и за имателот затоа што, од денот на доставувањето на барањето кај имателот, почнува да тече рокот за постапување по истото.

Доколку барањето е поднесено во електронска форма (преку е-маил), имателот е должен да го заведе во уписникот за прием на барања на денот кога е извршена електронската достава, а барателот е должен да обезбеди потврда дека електронски доставеното барање е примено кај имателот. Постапката по барањето во овој случај продолжува како да е поднесено во писмена форма, а доставувањето на бараната информација треба да биде во формата наведена во барањето.

Во случај кога барањето е поднесено од страна на овластен полномошник, кон барањето треба да биде приложено уредно полномошно.

Барателот може да добие пристап до бараната информација со увид, да побара препис, фотокопија или електронски запис.

Имателот на информации е должен да му помага на барателот при остварувањето на неговите права во текот на целата постапка за пристап до информации од јавен карактер.

Усно барање

Член 4

Кога барателот бара пристап до одредена информација со усно барање, имателот на информации, доколку одговори позитивно на барањето, е должен веднаш, а најдоцна во рок од 5 дена од денот на поднесување на барањето да му овозможи на барателот запознавање со содржината на бараната информација преку увид, препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација.

Ако имателот на информацијата одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори на барањето, како и ако барателот има усмен или писмен приговор на начинот на запознавањето со информацијата, службеното лице за посредување со информации е должно за барањето да изготви решение, кое меѓу другото треба да содржи податоци за барателот и датум на прием на барањето.

Службеното лице е должно со решението од ставот (2) од овој член да го извести барателот за посебното барање, односно за бараната информација. При одбивањето на усното барање, натамошната постапка продолжува како по писмено барање во согласност со Законот и ова Упатство.

Писмено барање

Член 5

Барањето може да биде поднесено на образец пропишан од страна на директорот на Агенцијата или на обичен поднесок кој треба да ги содржи следните податоци:

- Назив на имателот на информацијата
- Личното име и презиме на барателот на информацијата
- Податоци за можниот застапник или ополномоштеното лице, фирмата или правното лице.

Со цел олеснување на обврската за поднесување на барање, формата на писменото барање е пропишана во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, кој е достапен на веб-страната на Агенцијата.

Писменото барање се доставува до имателот на информации, кој за истото одлучува во постапка утврдена во Законот. За прашањата од постапката за писмено барање кои не се уредени со Законот, се применуваат одредбите од ЗОУП.

Дополнување на барањето

Член 6

Доколку барањето е непотполно, поради што имателот не може да постапува по истото, ќе побара од барателот да го дополни барањето, со укажување на последиците доколку тоа не го направи во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на известувањето.

Ако барателот не го дополни барањето во определениот рок, имателот на информации ќе донесе решение за отфрлање на барањето.

Доколку барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од член 16 од Законот, имателот ќе го отфрли барањето со решение.

Имателот, односно службеното лице за посредување со информации е должно да му помогне на барателот при дополнување на барањето, како и при идентификација на бараните информации.

Препраќање на барањето

Член 7

Доколку имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа е должен го извести барателот.

Рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на приемот на барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено барањето.

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО

Член 8

Имателот на информации е должен да одговори на барањето за пристап до информации. Институтот „молчење на управата“ треба да се избегнува и истиот не смее да се злоупотребува во никој случај.

Имателот на информации:

- може да одговори позитивно на барањето, согласно одредбите од член 24 од Законот или
- може во целост или делумно да го одбие барањето, согласно член 25 од Законот.

Во случаите од став (2) алинеја 1 и 2 од овој член, имателот донесува решение.

Достапност на информации

Член 9

Барателот има право на пристап до секоја информација од јавен карактер која не спаѓа под исклучоците од член 6 став (1) од Законот и заштитата на интересите формулирани во истиот.

Одбивањето пристап до информации е исклучок од правилото во став (1) од ова Упатство и истото и се спроведува само доколку задолжителниот тест на штетност утврди поголема штета врз интересот кој се заштитува во случај на објавување на информацијата.

Форма на давање на бараната информација

Член 10

Имателот на информацијата ја дава информацијата во бараната форма. Исклучок од ова правило е ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста.

Ако имателот утврди дека за барателот е поповолно и побрзо бараната информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, имателот може да го исконтактира барателот и заеднички да ја договорат формата на бараната информација, по што имателот ќе ја достави бараната информација во договорената форма и ќе ја образложи причината за ваквиот начин на доставување.

Рок на постапување

Член 10

Имателот на информации е должен по барањето да одговори веднаш, односно најдоцна 20 дена од приемот на барањето.

Рокот за одговор може да се продолжи најмногу до 30 дена само кога бараната информација е обемна, или кога на барателот му се овозможува делумен пристап до бараната информација согласно член 6 став (4) од Законот. За продолжувањето на рокот, имателот е должен да го извести барателот веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од приемот на барањето.

Одговорени барања

Член 11

Ако барателот веќе добил позитивен одговор за пристап до одредена информација, а во рок од три месеци поднесе исто или слично барање до истиот имател на информации, имателот нема обврска одново да одговара на барањето, но е должен да го извести барателот дека веќе му е одговорено на неговото барање.

Доставување одговор по барана информација

Член 12

Доколку барателот бара да му се даде бараната информација на увид, имателот на информации е должен да го повика барателот да го изврши бараниот увид во соодветна просторија на имателот на информации, во соодветен временски период, односно во

рамките на работното време на имателот на информации, при што ќе му овозможи доволно време за да може да се запознае со нејзината содржина. За извршениот увид службеното лице води записник кој го потпишуваат тој и барателот.

Службено лице што го овозможува увидот е должно да преземе мерки увидот да не биде злоупотребен на начин како што е тоа утврдено во член 65 став (5) од Законот за општата управна постапка.

Кога барателот ќе ја добие бараната информација, но од неа произлезе барање за дополнителна информација поврзана со документи кои ги создал, или ги поседува имателот на информации, барателот треба да поднесе ново барање, заедно со одговорот што веќе го добил.

Кога барателот смета дека му е доставена друга информација, а не таа што е наведена во барањето, тогаш барателот треба да поднесе повторно барање, а имателот е должен по повторното барање да постапи во рок од 10 дена од неговиот прием.

Доколку имателот не постапи по повторното барање, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена по истекот на рокот од став (4) на овој член.

Одбивање на барањето

Член 13

При донесувањето на решение за целосно или делумно одбивање на барањето, согласно член 6 од Законот, имателот на информации треба во решението да даде образложение на причините поради кои барањето целосно или делумно е одбиено.

Службеното лице е должно да го спроведе тестот на штетност како задолжителна постапка пред одбивањето на пристапот до информации, со цел да утврди дека во конкретниот случај, со објавувањето на бараната информација, последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон.

Службеното лице е должно спроведениот тест на штетност да го наведе во диспозитивот на решението, а образложението на решението мора да содржи:

- посочување на исклучокот со кој се заштитува одреден интерес, согласно член 6 став (1) од Законот и
- објаснување на конкретните факти кои довеле до заклучокот дека објавувањето на информацијата ќе го оштети, односно ќе нанесе значителна повреда на заштитениот интерес.

Постапување при молчење на управата

Член 14

Ако имателот на информацијата во рок од 20 дена, односно 30 дена не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение за одбивање, ниту бара продолжување на рокот, се смета дека барањето е одбиено, по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена, по истекот на рокот од 20 дена.

IV. ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА

Член 15

Право на правна заштита, односно право да поднесе жалба има само барателот кој поднел барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барателот жалбата може да ја достави преку имателот или непосредно до Агенцијата, преку пошта или електронски.

Барателот има право да поднесе жалба во следните случаи:

- против решението со кое имателот на информацијата позитивно одговорил на барањето;
- против решението со кое имателот на информацијата во целост или делумно го одбил барањето;
- против решението со кое имателот го отфрлил барањето кое барателот во предвидениот рок не го дополнил;
- против решението со кое имателот ја отфрла жалбата како недопуштена, ненавремена или изјавена од неовластено лице од страна на имателот на информации, согласно член 16 став (2) од ова Упатство;
- против решението од член 16 став (4) од ова Упатство и
- ако имателот на информацијата, во рок од 20, односно 30 дена во случај кога рокот му е продолжен, односно 10 дена во случај на повторно барање, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и ако не донел и не му доставил на барателот решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на управата).

Во случаите од став (3) алинеја 1 до 5 од овој член, рокот за поднесување на жалба е 15 дена од денот на приемот на решението, а во случајот од став (3) алинеја 6 од овој член, рокот за поднесување е 15 дена од денот кога завршуваат соодветните рокови од 20, односно 30 дена во случај на продолжување на рокот, односно 10 дена во случај на повторно барање.

Член 16

Кога барателот жалбата ја доставил преку имателот на информации, имателот е должен во рок од седум дена да испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Недопуштената, ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба имателот ќе ја отфрли со решение, за што е должен во рок од седум дена во електронска форма да ја извести Агенцијата.

Против решението со кое е отфрлена жалбата врз основа на ставот (2) од овој член, барателот има право на жалба. Ако Агенцијата решавајќи по жалбата најде дека жалбата е оправдана, ќе реши истовремено и по жалбата што била отфрлена.

Кога имателот ќе утврди дека жалбата е допуштена и потполно оправдана, тој ќе го замени решението што се побива со жалбата со ново решение и во рок од седум дена од приемот на жалбата во електронска форма ќе го достави решението до Агенцијата. Против новото решение странката има право на жалба.

Кога имателот ќе утврди дека жалбата е допуштена, а не е потполно оправдана, тој без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена, во електронска форма ќе ја испрати жалбата до Агенцијата заедно со сите списи од предметот и одговор на жалбата.

Ако во случај на молчење на управата, имателот не донесе решение во рок од седум дена од приемот на жалбата, тој без одлагање во електронска форма ќе ја испрати жалбата до Агенцијата заедно со сите списи и писмено објаснување за причините поради коишто не го издал бараното решение во рок од седум дена.

Во случаите од став (3), став (4) и став (6) од овој член рокот за постапување по жалбата почнува да тече од денот на приемот на жалбата во Агенцијата.

Содржина на жалбата

Член 17

Жалбата треба да ги содржи следните елементи:

- назив, име, адреса, телефон, фах, е-маил на барателот;
- назив, име, адреса, телефон, фах, е-маил на имателот на информации.
- образложение на причините поради кои барателот не е задоволен со решението (или неговото недонесување).

Доколку жалба се поднесува против решение донесено од имател на информации, кон жалбата се приложува барањето, решението што се побива, како и доказ за прием на решението што се побива.

Во случај на молчење на управата, кон жалбата се приложува барањето кое е поднесено од страна на барателот, но за кое барателот не добил одговор од имателот на информации, како и доказ дека барањето е доставено и примено кај имателот на информации.

Согласно комплетноста на документите и прилозите од став (1), (2) и (3) на овој член, при разгледување на жалбата, Агенцијата:

- може да ја предаде жалбата до назначениот имател на информации согласно член 107 од ЗОУП
- може самата да се впушти во одлучување, односно да постапи по жалбата согласно член 109 од ЗОУП.

Предавање на жалбата

Член 18

Доколку жалбата не ги содржи сите елементи од член 17 од ова Упатство, Агенцијата е должна, наредниот ден по приемот на жалбата, истата да ја достави во електронска форма до имателот на информации кој е назначен во жалбата и да побара од имателот во рок од 7 дена да испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Ако жалбата е предадена и испратена непосредно на имателот од ставот (1) на овој член, истиот во рок од 7 дена ќе испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Доколку жалбата е недопуштена, ненавремена или од изјавена од неовластено лице, имателот ќе донесе решение согласно член 16 став (2) на ова Упатство. Против ова решение барателот има право на жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од приемот на истото.

Кога имателот од ставот (1) на овој член ќе утврди дека жалбата е допуштена и потполно оправдана, тој ќе го замени решението што се побива со жалбата со ново решение и во рок од 7 дена од приемот на жалбата во електронска форма ќе го достави решението до Агенцијата. Против новото решение овластениот барател има право на жалба.

Кога имателот од ставот (1) на овој член ќе утврди дека жалбата е допуштена, а не е потполно оправдана, тој без одлагање, а најдоцна во рок од 7 дена, во електронска форма ќе ја испрати жалбата до Агенцијата заедно со сите списи од предметот и одговор на жалбата.

Постапување по жалбата

Член 19

Агенцијата како второстепен орган решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на Жалбата.

Постапувајќи по жалбата Агенцијата, со решение, може:

- Да ја отфрли како недопуштена, ненавремена, или изјавена од неовластено лице;
- Да ја уважи и да му наложи на имателот да постапи согласно Законот;
- Да ја одбие како неоснована;
- Да ја уважи и да го задолжи имателот да ја даде бараната информација;
- Да ја уважи и предметот да го врати на повторно постапување пред првостепениот орган;
- Да ја запре постапката.

Член 20

Доколку жалбата ги содржи сите елементи од член 16 од ова Упатство, Агенцијата по приемот на жалбата проверува дали истата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Доколку Агенцијата утврди дека жалбата е недопуштена, ненавремена или изјавена од неовластено лице, со решение ќе ја отфрли жалбата.

Во случај на молчење на управата Агенцијата ќе ја уважи жалбата и ќе му наложи на имателот да постапи согласно Законот.

Агенцијата може да ја одбие жалбата или да ја уважи жалбата и да го поништи решението на имателот во целост или делумно, или да го измени.

Агенцијата ќе ја одбие жалбата кога ќе утврди дека постапката што претходела на решението е спроведена правилно и дека решението е правилно и засновано на Законот, а жалбата неоснована.

Агенцијата ќе ја одбие жалбата и кога ќе најде дека во првостепената постапка имало недостатоци, но дека тие се такви што не можеле да имаат влијание врз решавањето на работата.

Кога Агенцијата ќе најде дека првостепеното решение донесено од имателот на информации е засновано на закон но поради други причини, а не поради оние кои се наведени во решението, Агенцијата во своето решение ќе ги изложи тие причини, а жалбата ќе ја одбие.

Ако Агенцијата утврди дека во првостепеното постапување по барањето за пристап до информација е сторена неправилност која решението го прави ништовно, ќе го огласи таквото решение за ништовно, како и оној дел од постапката што е извршена по таа неправилност.

Кога Агенцијата ќе утврди дека во првостепената постапка фактите се нецелосно или погрешно утврдени, дека во постапката не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, или дека диспозитивот на побиваното решение е нејасен или е во противречност со образложението, Агенцијата со свое решение ќе го поништи првостепеното решение и предметот ќе му го врати на имателот на информации на повторна постапка. Во тој случај Агенцијата е должна со своето решение да му укаже на имателот на информации во кој поглед треба да се надополни постапката, а имателот на информации е должен во сé да постапи по второстепеното решение и без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на предметот, да донесе ново решение. Против новото решение странката има право на жалба.

Агенцијата може истиот предмет да го врати на имателот на информации само еднаш, без оглед на причините или пропустите во првостепената постапка.

Кога Агенцијата постапува по изјавена жалба против решение кое еднаш било поништено и вратено на повторно решавање, постапувајќи по жалбата должна е самата да го реши предметот.

Имателот на информации е должен да го спроведе решението на Агенцијата од став (11) на овој член.

Ако Агенцијата утврди дека во првостепеното решение погрешно се оценети доказите, дека од утврдените факти е изведен погрешен заклучок во однос на фактичката состојба, дека погрешно е применет правниот пропис врз основа на кој се решава работата, или ако најде дека врз основа на слободна оцена требало да се донесе поинакво решение, таа со свое решение ќе го поништи првостепеното решение и сама ќе ја реши работата.

Должност на имателот на информација

Член 21

Имателот на информации е должен во целост да постапи по насоките дадени во решението на Агенцијата со кое е уважена жалбата и предметот е вратен на повторно решавање.

Кога имателот на информации по втор пат решава за ист предмет, по повод уважена жалба должен е да го реши предметот во рок од 15 дена.

Доколку имателот на информации не постапи по насоките на Агенцијата, во случај на повторна жалба, Агенцијата е должна за непостапувањето да ја извести Прекршочната комисија.

V. ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ

Член 22

Службеното лице на имателот на информации е должно да подготви годишен извештај за спроведување на Законот, истиот да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година и да го објави на веб страницата на имателот на информации.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 24

За непочитување на одредбите од ова Упатство, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Агенцијата согласно член 38 и 39 од Законот.

Член 25

Со влегувањето во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-674/1 од 1.12.2016 година.

Бр. 01-158/1
4 март 2020 година
Скопје

Директор,
Пламенка Бојчева, с.р.